јади ленинграѓани што ги изгубиле своите животи во времето на блокадата од фашистичките германски војски во II светска војна и др.

За учесниците на Конгресот беа прикажани од Игор Стравински „Петрушка“ и „Крунисување на пролетта“. На крајот беше даден прием за учесниците на Конгресот.

Имавме можност да ги запознаеме и граѓаните на Ленинград — нивната гостопримливост и љубезност спрема гостите, а особено спрема Југословените. Благодарејќи на блискоста на јазикот можевме насекаде да се разбереме и да бидеме услужени од услужните домаќини.

Ваков Конгрес, со ваква сплотена мала југословенска група долго се памети.

**А. А.**

## XIII МЕЃУНАРОДЕН КОНГРЕС НА ИСТОРИСКИТЕ НАУКИ МОСКВА ОД 16 ДО 23 АВГУСТ 1970 ГОДИНА

Во август месец 1970 година во Москва се одржа XIII Меѓународни конгрес на историските науки. На Конгресот присаствуваа 4.000 историчари од повеќе земји, од Европа, Азија, Африка, Северна и Јужна Америка. На Конгресот учествуваа 1.400 советски историчари. Според списокот на пријавените делегати од Југославија присаствуваа 118 историчари и тоа 9 од Босна и Херцеговина, 8 од Црна Гора, 6 од Хрватска, 65 од Македонија, 9 од Словенија и 21 од Србија.

Конгресот беше свечено отворен на 16 август во Кремелскиот дворец на депутатите од страна на претседателот на Меѓународниот конгрес на историски науки господин Паул Харсин. Од името на Советската влада Конгресот го поздрави потпретседателот на Советската влада академикот Кирилин кој потоа го прочита поздравното писмо упатено до Конгресот од страна на Советскиот претседател Косигин. Советскиот академик Е. М. Жуков поднесе реферат на тема: „Ленин и историјата“.

Конгресот работеше во повеќе секции во новата зграда на Универзитетот „М. В. Ломоносов“. Над 80 реферати и соопштенија беа умножени и поделени на учесниците на Конгресот.

Организациониот комитет обезбедил соодветна техника за симултано следење на работата на Конгресот на водечките светски јазици.

Југословенските историчари имаа добиено два реферата за обработка. Меѓутоа беше поднесен само еден реферат од професор Д-р Данчо Зографски, на тема „Големите сили и Балканот од 1900 до 1914 година“. Рефератот на професорот Данчо Зографски во основа е позитивно оценет од страна на учесниците во дискусијата како научен прилог во осветлувањето на односите на Балканот за дадениот период.

Југословенските историчари беа ангажирани во неколку секции (еден претседател, тројца потпретседатели, двајца експерти и 20 учесници во дискусијата).

На овој Конгрес македонските историчари преку Институтот за национална историја подготвија три

посебни публикации: Библиографија за историјата на Македонија на англиски и француски јазик и Од историјата на македонскиот народ на руски јазик. Поради задоцнување на пратката публикациите не беа врачени на свеченото отварање на Конгресот, туку подоцна се поделени на заинтересираните учесници.

Управата на историските друштва на Југославија благовремено испратила за Москва 300 експонати — публикации од областа на југословенската историографија, но и покрај благовремено пристигнување на пратката, публикациите не беа изложени. На интервенција на професорите Д-р Цвитер и Д-р Ѓорѓевиќ организаторите ја пронајдоа пратката и изложија само еден мал број експонати. По Конгресот сите југословенски публикации се подарени на Институтот за славјановедение во Москва.

Нашите историчари не учествуваа во работата на секцијата за воена историја и во разни комисии кои работеа паралелно со Конгресот поради неинформираност по наша вина или неподготвеност.

Македонските историчари во организацијата на „Интурист" покрај учеството на Конгресот ги посетија најзначајните културни историски споменици, музеи и галерии во Москва и Ленинград.

Во Москва се посетени Кремелскиот дворец со Мавзолејот на Ленин; Централниот музеј на В. Ил. Ленин, Историскиот музеј, Музејот Панорама — Битката кај Бородино, Галеријата „Третјаков", Оружената палата, Изложба за достигањата на народното стопанство на СССР, и др.

Во Ленинград посетени се: Ермитаж, Петровиот дворец, Крстарицата „Аврора", Спомен куќата на Ленин во Смолни, Исакиевскаја катедрала и Пискаревски меморијал.

Ползата од учеството на Конгресот и од посетите на музеите, галериите и другите споменици на културата е многустрана. Нашите историчари се запознати со степенот на достигањата на светската историографија, што несомнено ќе има позитивен одраз врз историската настава. Воспоставени се голем број контакти со советските историчари кои покажуваат голем интерес за македонската историографија, воспоставени се контакти со одделни културни и научни институции во Советскиот Сојуз и од други земји кои се бават со проучувањето на историјата и културата на Балканските земји.

Од посетата на музеите, галериите и другите споменици на културата се понесоа импресивни впечатоци за изложените експонати. Должам да укажам меѓу другото дека во одделни советски музеи недоволно е застапена Југославија. Во Централниот музеј на Владимир Илиќ Ленин испуштени се претставниците на Југословенската комунистичка партија во Коминтерна. Во библиотеката на Музејот не се среќава ниту едно дело на марксистичката литература како и делата на Ленин кои многу пати се издавани на македонски јазик во Скопје. Во Музејот на Советската армија, кој, меѓу другото ја опфаќа и Втората светска војна на Југославија дадени се 4 експонати и тоа: Фотографијата на Тито ранет 1943 г. Скулптура на партизан од Стефановиќ, Фотографија на советски војници во некое место во Србија

1944 година и Советски орден за ослободителите на Белград. Изложените предмети ни оддалеку не придонесуваат за информираноста на советската општествена и културна јавност со местото и придонесот на југословенските народи во борбата против светскиот фашизам. Ништо не е речено ни за соработката на Советската и Југословенската армија во завршните операции за ослободувањето на Југославија. На овие институции треба да им се помогне со доставување на соодветни материјали од југословенска страна.

Советските научни институции, архиви, музеи и библиотеки располагаат со многу значајни материјали и документи и за историјата на југословенските народи и посебно за историјата на македонско-руските односи од XIX—XX век поради посебниот интерес на руската дипломатија за односите на Балканот. Нашите научно-истражувачки институции треба да преземат соодветни истражувања на историска документација на многу теми од македонско-руските односи.

Наредниот XIV-ти Конгрес на историските науки ќе се одржи во САД 1975 година. За нов претседател на Меѓународниот комитет за историски науки е избран Александар А. Грубер од СССР, а двајцата потпретседатели се од САД и Западна Германија.

**Т. П.**

## ДВЕГОДИШНО СОБРАНИЕ НА ДРУШТВОТО НА АРХИВСКИТЕ РАБОТНИЦИ НА МАКЕДОНИЈА

На 17 и 18 септември 1970 година во Штип се одржа двегодишно собрание на Друштвото на архивските работници на Македонија. На собранието покрај делегатите присуствуваа и повеќе гости.

Собранието работеше во два дела: стручен и изборен дел.

Првиот ден, пред почетокот на стручниот дел, по повод 60-от роденден на директорот на Архивот на Македонија Димче Мире, му беше оддадено признание за неговата работа во Друштвото како негов почесен претседател и воопшто за придонесот што го даде на полето на архивистиката.

Стручниот дел отпочна со рефератот на Ристо Кирјазовски, виш стручен соработник: „Организација и глобалниот делокруг на градските општини во Македонија со посебен осврт на дејноста на градската општина на Скопје (1869—1912)".

Рефератот беше доста обемен и достатно ја презентира оваа материја. Во уводниот дел од рефератот дадени се општествено-економските прилики во Отоманската империја во II-та половина на XIX век кои довеле до потребата од реорганизација на локалната управа во целата империја и во Македонија како нејзин дел. Поисцрпно се дадени приликите во Скопје, како седиште на вилает, неговиот развиток во рамките на општиот развиток на градовите во Македонија во овој период.

За да се добие поцелосна слика за локалната управа, истата е дадена до 1877 година кога е доне-